ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

НА КРЕАТИВНИОТ ЦЕНТАР КАРПОШ

2015 – 2018

ИНЦИЈАТИВА

На работилницата за изготвување на стратешкиот план за развој на општина Карпош до 2019 година, од страна на членот на Советот на општина Карпош Проф. Д-р Зоран Т. Поповски беше иницирано формирање на организација за работа со надарени млади во основните училишта на територија на општина Карпош.

ЕЛАБОРАТ

Оваа иницијатива беше прифатена и се пристапи кон изготвување на Елаборат за формирање на Креативниот центар Карпош или скратено КЦК. Тој ги опфати: содржинските, организациските, кадровските и финансиските аспекти за формирање на КЦК. Покрај на македонски, елаборатот беше преведен и на англиски јазик за да послужи пред потенцијалните партнери и донатори за евентуална поддршка во основањето на КЦК.

ПРЕЗЕНТАЦИЈА

По изготвување на елаборатот беше организирана презентација пред раководството на општината, директорите на училиштата и потенцијалните учесници од редот на познати јавни личности и научници кои би учествувале во основањето и работата на КЦК. За главен координатор на активностите беше номиниран советникот Зоран Поповски, додека за технички координатор беше поставен Томе Несторовски.

ОДЛУКА НА СОВЕТ

На седницата на Советот на општина Карпош во август пред советниците беше презентиран елаборатот за формирање на КЦК по што е усвоена одлука за доделување средства во износ од 2.000.000 денари за формирање на КЦК.

ПРВА ПОСЕТА НА ПЕТНИЦА

По прифаќањето на концептот за работа на КЦК од страна на градоначалникот Јакимовски беше организирана посета на Истражувачката станица Петница при која градоначалникот беше запознаен со функционирањето на оваа организација која се занимава со млади заинетерсирани за истражување. Во текот на посетата е договорена посета на поголема група од општина Карпош во која би биле вклучени луѓе кои се вклучени во оформувањето на КЦК.

ПОСЕТИ НА УЧИЛИШТА И ОДГОВОРИ НА ПРАШАЛНИЦИ

Во текот на летниот распуст, координаторите на проектот подготвија неколку прашалници кои се однесуваа на состојбите со воннаставните активности, нагледните средства, интересот на училиштата и на наставниците за учество во формирањето на КЦК. При тоа беа организирани посети на сите училишта и во разговор со директорите беше договорено пополнување на овие прашалници. Во текот на посетата беа утврдени и можните локации на единицитее кои треба да се формираат во рамки на КЦК.

ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТИ И ПЛАНОВИ ЗА НАБАВКИ

Во текот на подготоките за формирање на КЦК беа контактирани десетици експерти од различни области со покана за вклучување во работата на КЦК. За среќа најголем дел од нив со голем ентузијазам ја прифатија оваа покана и се вклучија во изготвување на соодветни програми за работа на КЦК. Во тој смисол, добар дел надворешните соработници на КЦК изработија прегледи на можни експерименти за одделните центри на КЦК кои се основа за изработка на програмата за 2016 година. Покрај тоа тие учествуваа во изготвување на регистер на опрема која треба да се набави за сите училишта за подигнување на нивото на воннаставни активности, како и на регистер на опрема за потребите на КЦК. Сите надворешни соработници кои учествуваа во изготвување на овие документи се членови на Програмскиот совет на КЦК.

ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ И ИЗБОР НА ЛОКАЦИИ ЗА ЕДИНИЦИТЕ НА КЦК

Врз основа на доставените пополнети прашалници и дополнителната комуникација и консултација со директорите на училиштата по неколкуте верзии беше направен и конечниот избор на локации на единиците во рамки на КЦК и тоа:

- Центарот за ракотворби во ООУ „Аврам Писевски“
- Центарот за дизајн и роботика во ООУ „Братство“
- Центарот за храна во ООУ „Вера Циривири - Трена“
- Центарот за аудиовизуелна уметност во ООУ „Владо Тасевски“
- Центарот за културно наследство во ООУ „Војдан Чернодрински“
- Центарот за енергетика и климатски промени во ООУ „Димо Хаџи Димов“
- Центарот за екологија во ООУ „Јан Амос Коменски“
- Центарот за зоологија во ООУ „Лазо Трпоски“
- Центарот за ботаника и микологија во ООУ „Петар Поп Арсов“ и
- Центарот за космологија во ООУ „Христијан Тодоровски – Карпош“.

ПОСЕТИ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ

Во подготовка на отварањето на КЦК, беа посетени неколку организации и институции кои прејавија интерес за помагање. Така Ве-ДА институтот донираше инвентар за Еколошката лабораторија и за Лабораторијата за контрола на храна. Од Факултетот за земјоделски науки и храна и од Технолошко-металуршкиот факултет беа донирани апарати за овие исти лаборатории. Беа посетени и компаниите Пакомак и Гринтех со кои е договорена долгорочна соработка во доменот на рециклирање. Исто така КЦК се обрати до Министерството за образование и наука за техничка помош, при што беа донирани десет компјутери, скенери и принтери за потребите на сите единици во рамки на КЦК.

ОТВАРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЕДИНИЦИТЕ НА КЦК

Во рамки на одбележување на денот на општина Карпош, беа отворени Центарот за екологија и Центарот за храна. При отварање на Центарот за екологија беа демонстрирани експерименти кои се однесуваа на присуство на некои штетни материи во водата, постоа беа прикажани можности за рециклажа на хартија и на крвен отпад од индустриските кланици. Овие експерименти беа демонстрирани од страна на учениците во ООУ „јан Амос Коменски“ каде што се наоѓа овој центар. Во подготовка на отварањето беа извршени и градежни интервенции и беше соодветно уредена и опремена Еколошката лабораторија. На ова отварање присуствуваа и гости од збратимените општини Триојадица, Стари Град, Нов Белград, Тиват, Врњачка бања кои бе импресионирани од овој настан.

Отварањето на Центарот за производство и контрола на храна во ООУ „Вера Циривири – Трена“ беше изведено преку организација на обука за експерименти по хемија во воннаставните активности. При тоа професорот Методија Најдоски заедно со наставниците по хемија од училиштата во општина Карпош демонстриираа десетина експерименти кои би можеле да се реализираат во рамки на секциите. На оваа обука претходеше уште една обука за наставниците по хемија која беше организираана непосредно пред почетокот на новата учебна година на која беа демонстрирани повторно од професорот Најдоски 20 експерименти по хемија за осмо и деветто одделение кои во иднина ќе се реалкзирраат во сите паралелки во училишатата во Карпош на наставата по хемија. Неколку дена потоа во истото училише со поддршка на УСАИД преку програмата за меѓуетничка толеранција беше отворен и пластеник за производтсво на храна што извонредно кореспондира со мисијата на КЦК. Во овој проект на УСАИД покрај ООУ „Вера Циривири – Трена“ е вклучено и ООУ “Братство“ кое е единствено двојазично училиште на територија на општина Карпош. Со овие активности званично почна со работа КЦК. Треба да се спомене дека на овие настани освен претставници од општина Карпош, присуствуваа и претставници од збратимените општини кои изразија одушевување од КЦК.

ВТОРА ПОСЕТА НА ПЕТНИЦА

Во ноември 2015 година беше организирана втора посета на Истражувачката станица Петница во која учествуваа 30 претставници на директорите, наставниците, советниците, менторите и општинската администрација. Во текот на посетата беа организирани презентации за организационата поставеност на ИСП, за работата со учениците од основни училишта, за меѓународната соработка и за организацијата на научните денови. Исто така во рамки на посетата беа организирани и посети на лабораториите во рамки на ИСП, библиотеката и пештерата Петница. Искуствата од оваа посета веднаш беа искористени во решавање на правниот статус на КЦК и во подготовка на програмата за 2016 година.

ОСНОВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ КРЕАТИВЕН ЦЕНТАР КАРПОШ

На 11.12.2015 година по искуствата на Истражувачката станица Петница беше формирано Здружението на граѓани креативен центар Карпош чии основачи се наставници, директори, консултанти и студенти кои се или ќе бидат вклучени во работата на КЦК. За претседател на здружението беше избран Ефтим Пејоски – директор на СУГС „Михајло Пупин“, инаку жител на општина Карпош и еден од основополжниците на КЦК. За секретар на здружението е избран Томе Несторовски досегашен технички координатор на КЦК.

ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Веднаш по основањето на здружението, дизајнирана е веб страна на КЦК на која се наоѓаат сите информации, илустрациии, текстови, повици за учество и соработка кои се однесуваат на нашата организација. Таа постојана со збогатува со нови информации и нејзината посетеност постојано расте.

Заради запознавање на јавноста со активностите за основање на КЦК беа подготвени неколку написи во Урбан Карпош и беа реализирани неколку интервјуа за Карпошвизија. Од страна на одделението за односи со јавноста беше дизајниран флаер за КЦК кој беше делен во текот на отварањето. За жал и покрај поканата за отварање на КЦК упатена до медиумите, настаните поврзани со КЦК не привлекоа внимание на големите медиумски куќи ни во печатените медиуми. Покрај на домашен план, КЦК беше презентиран и пред претставници на збратимените општини Стари град од Сараево и Нови Београд од Белград. На овие презентации беше договорена соработка со овие општини по формирањето на КЦК.

Функционирањето на КЦК е презентирано на Меѓународниот собир „Пријатели на образованието" одржан во Струга и на Петтиот меѓународен конгрес на еколози одржан во Охрид каде што презентацијата за КЦК е избрана да биде публикувана во Спесанието на Македонското еколошко друштво.

Активисти на КЦК ја посетија Куќата на експерименти во Љубљана и подготвија предлог за организирање на слична единица во рамки на КЦК како и научниот парк Explora на Малта од каде беа набавени и различни материјали за експериментирање.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА КЦК

КЦК може успешно да функционира ако се обезбеди синергија на заинетересирани деца, мотивирани наставници и волнид да помогнат стручњаци и научници од различни области. За таа цел по основањето на КЦК беа органзирани средби со наставници по: биологија, хемија, историја, географија, ликовно, ОТП, математика, физика и информатика и работни средби со тимовите од одделни центри заради подготовка на годишната програма за работа на КЦК и деталните програми за работа на одделните центри во рамки на КЦК.

По овие средби беа изготвени програмите за работа на сите центри во чии фокус се работилниците на кои учествуваат учениците независно од кои училишта доаѓаат.

Според програмите за работа, реализирани се следните активности:

- Направен е план за набавка на опремување со капитални апарати за секој од центрите и набавена е соодветна научно-истражувачка опрема за центрите. Веднаш потоа е организирана промоција на аудиовизуелна опрема за унапредување на наставниот процес преку организација на настанот „Спектакуларна наука“.
- Организирани се работилници по дизајн, роботика, копаничарство, енергетика, екологија, производство и контрола на храна, кинестетика, новинарство, ботаника, зоологија, микологија, космологија и археологија со учество на над 400 ученици од општина Карпош.

ФИНАНСИИ

Во текот на 2016 за КЦК од Буџетот на општина Карпош беа одобрени средства во износ од 1.500.000 ден. за што беше изготвено и решение. Од тие средства досега се исплатени и реализирани 500.000 ден. За 2017 година во програмата беа предвидени 1.200.000 ден.

Финансиските средства доделени од општина Карпош се користени за следните намени:

- Набавка на опрема за единиците во рамки на КЦК
- Организација на работилници (потрошен материјал и хонорари за аниматори)
- Набавка на потрошен материјал за обуките на наставници
- Набавка на потрошен материјал за експериментите по хемија
- Организација на состаноци со предметни наставници
- Организација на обуки за Кинестетичка училница
- Учество на претставници на КЦК на КОнгресот на еколозите во Охрид и
- Учество на Меѓународната конференција „Пријатели на образованието“ во Струга

Покрај овие средства, КЦК обезбеди директна или индиректна финансиска поддршка од други донатори и тоа:

- УСАИД финансираше изработка на пластеник за производство на храна во ООУ „Вера Циривири – Трена“ каде се наоѓа и Центарот за храна.
- Приватниот научен институт Ве-Да отстапи две лаборатории за потребите на КЦК од кои едната е за екологија во ООУ „Јан Амос КОменски“, а другата за контрола на храна во ООУ „Вера Циривири – Трена“

- Факултетот за земјоделски науки и храна отстапи дел од опремата која не ја користи за потребите на повеќе лаборатории
- Со донација на родител во ООУ „Вера Циривири – Трена“ поставена е нова инсталација во лабораторијата за екологија.
- Фирмата Евгении ДОО Скопје обезбеди изработка на жардињери во пластеникот и постави систем капка – по капка;
- Фирмата Intelligence Network Solutions обезбеди средства за уредување на влезниот портал во КЦК

<u>Забелешка</u>: Детални информации за активностите на КЦК може да се најдат на веб страната на Кративниот центар Карпош http://kck.org.mk/